Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јануари 2026 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ... 3**
Индустриско производство ... 3
Број на работници во индустријата ... 4
Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ... 4
Индекси на прометот во индустријата ... 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ... 6
Промет во секторот трговија ... 7
Инфлација ... 7
Берзански цени ... 9
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ... 10**
Извоз ... 11
Увоз ... 11
Салдо на трговска размена ... 12
Валутна структура ... 13
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ... 13**
Буџетски приходи и расходи според економската класификација ... 13
Расходи по буџетски корисници ... 15
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ... 17**
Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ... 17
Плати ... 17
Пензии ... 18
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ... 19**
Примарни пари ... 19
Кредити на банките ... 21
Каматни стапки на депозитни банки ... 21
Пазар на капитал ... 21
Девизни резерви ... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јануари 2026 година

- Во јануари 2026 година, индустриското производство забележа пад од 6,6% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во јануари 2026 година изнесува 3,2% на годишно ниво и истата овој месец забави споредено со претходниот месец (4,1% во декември 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи пад од 0,7%;
- Во јануари 2026 година извозот забележа пад од 8,3%, а увозот пад од 6,4%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 2,3% споредено со јануари 2025 година;
- Реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ во јануари 2026 година изнесува 22.433 милиони денари, што претставува 6,0% од планираниот износ за 2026 година, односно намалување за 2,4% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со месец јануари од 2025 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во јануари 2026 година изнесува 32.263 милиони денари, што претставува 7,8% од годишниот план, и бележи зголемување за 17,0% во однос на јануари 2025 година;
- Во јануари 2026 година, вкупните кредити се зголемија за 13,6% во споредба со јануари 2025 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,5%;
- Просечната исплатена нето-плата во декември 2025 година, достигна 46.889 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 7,6% и реален раст од 3,3%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 108.124 денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

### Индустриско производство

Во јануари 2026 година, индустриското производство забележа пад од 6,6% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија за 8,0%, додека производството се зголеми во секторите: Рударство и вадење камен за 2,5%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,8%.

Пад на производството во јануари 2026 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 63,7% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во јануари 2026 година е забележан пад на широка основа: производство на машини и уреди за 16,0% со придонес од -0,9 п.п., производство на метали за 17,7% со придонес од -0,5 п.п., производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 3,1% со придонес од -0,5 п.п., и производство на електрична опрема за 4,0% со придонес од -0,3 п.п.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во јануари 2026 година зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 20,1% со придонес од 0,5 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 31,2% со придонес од 0,3 п.п., и производство на прехранбени производи за 0,3%, со придонес од 0,03 п.п., производството на пијалаци остана непроменето, додека намалување се забележува кај гранките: производство на облека за 19,3% со придонес од -1,1 п.п., производство на текстил за 18,2% со придонес од -0,7 п.п. и произвдоство на кожа и слични производи од кожа за 5,4% со придонес од -0,03 п.п.

Во јануари 2026 година споредено со јануари 2025 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено единствено кај енергијата (раст од 2,5% со придонес од 0,2 п.п.), додека намалување се забележува во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 11,9% со придонес од -3,9 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 4,2% со придонес од -1,3 п.п.), Капитални производи (пад од 5,2% со придонес од -1,3 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 10,5% со придонес од -0,4 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2026 година)*




1 - Вадење на други руди и камен
2 - Производство на тутунски производи
3 - Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал
4 - Вадење на јаглен и лигнит
5 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2026 година)*




1 - Производство на облека
2 - Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место
3 - Производство на текстил
4 - Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
5 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во јануари 2026 година, бројот на работници во индустријата е намален за 3,6% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 6,2%, Преработувачка индустрија за 3,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на компјутерски, електронски и оптички производи за 11,0%, производство на пијалаци за 4,0% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 3,8%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2026 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка, и тоа за 1,9%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во јануари 2026 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,5% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,1%, Преработувачка индустрија за 3,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 10,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 5,4%.

**Графикон 1.5:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори






Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во јануари 2026 година во споредба со јануари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 9,6%, Интермедијарни производи, освен енергија за 2,2%, Производи за широка потрошувачка за 4,2%, Трајни производи за 1,6% и Нетрајни производи за 4,3%, додека продажните цени се намалени во групата Капитални производи за 0,6%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јануари 2026 година во однос на јануари 2025 година бележи пад од 9,4%. Падот се должи на намалениот промет во секторите: Преработувачка индустрија за 9,1% и Рударство и вадење на камен за 17,7%.

Во јануари 2026 година во споредба со јануари 2025 година, прометот во индустријата се намали во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 13,5%, Капитални производи за 9,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 6,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 5,4%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Гранки со најголем пад на прометот во индустријата во јануари 2026 година во споредба со истиот период минатата година се:

- Производство на метали (пад од 24,4%);
- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (пад од 23,3%) и
- Поправка и инсталирање на машини и опрема (пад од 18,2%).

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2026 година, споредено со декември 2025 година, се забележува зголемување кај одобренијата за градење (237 одобренија за градење во декември 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 256 што претставува пад од 19,2% во однос на истиот месец од 2025 година. Ваквиот пад се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за високоградба за 8,0% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 62,5%), кај бројот на издадени одобренија за нискоградба за 38,0% и објектите за реконструкција за 30,1%. Пад се забележува кај

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

инвеститорите физички лица и кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред се во Вардарскиот, Југозападниот и Североисточниот регион.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јануари 2026)*




Извор: ДЗС.

Споредено со декември 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 8,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2026 година е пониска за 25,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 8,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 160 (или 62,5%) се наменети за објекти од високоградба, 31 (или 12,1%) за објекти од нискоградба и 65 (или 25,4%) за објекти за реконструкција.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 256 издадени одобренија за градење, на 155 објекти (или 60,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 101 објект (или 39,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2026 година предвидена е изградба на 618 стан со вкупна корисна површина од 54.359м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 50,4% на месечно ниво, а намален за 18,6% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Вкупната вредност на извршените градежни работи во декември 2025 година изнесува 7.439 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 17,0%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 18,9% и кај специјализираните градежни работи за 438,6%, додека пад се забележува кај виокоградбата за 13,3%. Споредено со ноември 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 73,4%, и тоа кај високоградбата за 89,5%, кај нискоградбата за 59,7% и кај специјализираните градежни работи за 123,2%. Кумулативно, во периодот јануари – декември 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 44.470 милиони денари, што е за 17,1% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - декември 2025 година се извршени градежни работи во вредност од

28.589 милиони денари, односно за 18,8% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај специјализираните градежни работи се зголеми за 195,6% и изнесува 3.543 милиони денари, а кај високоградбата вредноста на извршените работи изнесува 12.338 милиони денари, односно за 3,1% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - декември 2025 година се зголеми за 17,5%, при раст кај нискоградбата (19,3%) и кај специјализираните градежни работи (196,7%), а пад кај високоградбата (2,6%).

## Промет во секторот трговија

Во јануари 2026 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 0,1%, по растот од 14,7% во декември 2025 година. Вредноста на прометот во јануари 2026 година изнесува 61.346 милиони денари.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




На реална основа, во јануари 2026 година трговијата на мало бележи годишен раст од 1,5%, исто така анализирано по групи и класи, зголемување се забележува единствено во трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 13,1%, додека намалување се забележува во следните групи: трговија на мало со автомобилски горива за 16,3% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 0,5%.

Во јануари 2026 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (51,0%), а потоа следуваат Трговија на мало (44,4%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (4,5%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јануари 2026 година изнесува 3,2% на годишно ниво и истата овој месец забави споредено со претходниот месец (4,1% во декември 2025 година). Инфлацијата овој месец во голем дел произлегува од прехранбената компонента, додека базичната компонента регистрира позначајно забавување.

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во јануари 2026 година регистрираше значително забавување споредено со претходниот месец и изнесува 2,9% на годишна основа (4,7% во декември).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, овој месец се зголемија за 5,2% и истите забележуваат умерено забавување на растот во споредба со претходниот месец (5,3% во декември), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација изнесува 2,1 п.п. и истиот е непроменет во споредба со претходниот месец.

Најголем позитивен придонес во растот на ценете во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо[1] (годишен раст од 9,6% и придонес од 0,9 п.п.), млеко, други млечни производи и јајца (годишен раст од 6,8% и придонес од 0,5 п.п.), овошје (годишен раст од 17,6% и придонес од 0,3 п.п ), кафе и замени за кафе (годишен раст од 23,6% и придонес од 0,3 п.п ), шеќер, слатки и десерти (годишен раст од 11,5% и придонес од 0,2 п.п.) и жита и производи од жита (годишен раст од 2,1% и придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната овој месец имаше зеленчукот од 0,4 п.п. и тој се намали за 8,5% на годишно ниво.




Гледано по компоненти, раст на цените е регистриран и кај следните категории: Покуќнина, опрема за домаќинства и редовно одржување на домаќинствата од 5,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,3%, Рекреација, спорт и култура од 4,3%, Ресторани и услуги за сместување од 4,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 3,0%, Здравствена заштита од 2,9%, Информации и комуникации од 2,0%, Осигурување и финансиски услуги од 1,7%, Облека и обувки од 1,2% и Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги од 1,0%. Цените се намалија во категоријата Транспорт за 6,5% и Услуги за образование за 0,1%.

Потрошувачките цени во јануари се намалија за 0,7% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,4%) и притоа најголем придонес во намалувањето на цените има падот на цените во категоријата Транспорт.

Пад на цените е регистриран во повеќе категории: Транспорт од 9,3%, Рекреација спорт и култура од 1,6%, Информации и комуникации од 1,6%, Облека и обувки од 1,2% и Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги од 0,5%.

Раст на цените е регистриран во категориите: Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,0%, Покуќнина, опрема за домаќинства и редовно одржување на домаќинствата од 1,0%, Ресторани и услуги за сместување од 0,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%, Услуги за образование од 0,1%. Цените во преостанатите категории останаа непроменети.




Во јануари 2026 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали на 1,7%[2] од 2,0% колку што изнесуваше во декември 2025 година.

Според најновите макроекономски проекции на Европската централна банка (ЕЦБ), инфлацијата во еврозоната постепено се стабилизира и се очекува да се движи околу 2% на среден рок. За 2026 година проектираната стапка на инфлација

[1] Согласно новата класификација, поткатегоријата месо е дефинирана како 'Живи животни, месо и други делови од заклани копнени животни

[2] Податокот е процена на Евростат

е околу 1,9%, додека за 2027 година околу 1,8%, што укажува на приближување кон целта на ЕЦБ од 2%. Иако вкупната инфлација се намалува, одредени компоненти како услугите и храната и понатаму покажуваат умерени ценовни притисоци, а идните движења ќе зависат од цените на енергијата, геополитичките ризици и динамиката на платите.

## Берзански цени

Во јануари 2026 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 2,3% на месечно ниво и изнесува 66,8 долари за барел. Цените на нафтата во јануари 2026 година се зголемија поради геополитички тензии на Блискиот Исток и ризици за снабдувањето, како и поради рестриктивната политика на производство на ОПЕК и сезонски повисоката побарувачка во зимски услови. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 15,7%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јануари 2026 година, цената на природниот гас[3] се зголеми за 49,2% на месечно ниво. Цената на природниот гас во јануари се зголеми поради сезонски повисоката побарувачка во зимски услови, намалени залихи во Европа и зголемени геополитички ризици што создадоа неизвесност во снабдувањето. Дополнително, ограничената понуда на течен природен гас и конкуренцијата од азиските пазари извршија дополнителен притисок врз цените. Во јануари, цената на природниот гас се зголеми за 21,3% на годишно ниво.

**Графикон 1.17:** Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на електричната енергија во јануари 2026 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 150,41 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 29,8%. Во јануари цената на електричната енергија се зголеми за 7,3% на годишно ниво.

Во јануари 2026 година, цените на основните метали на месечно ниво регистрираа зголемување и тоа: калај за 20,2%, никел 19,4%, бакар за 10,4%, алуминиум за 9,3%, олово за 2,8% и цинк за 1,4%, а цената на железната руда регистрираше раст од 0,9%.

[3]Natural gas index (2010=100)

На месечна основа, во јануари 2026 година цената на златото се зголеми за 10,3%. Цената на среброто и платината го следеа нагорниот тренд на месечно ниво и регистрираа високи стапки на раст за 47,7% и 28,5%, соодветно.

Во јануари цената на пченката се намали за 0,6% на месечно ниво, а цената на пченицата се намали за 2,5%. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 6,6% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |
| XI | 124,4 | 63,6 | 368,7 |
| XII | 115,88 | 62,7 | 335,5 |
| 2026 I | 150,41 | 66,8 | 415,9 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2026 година изнесува 1.325,6 милиони евра и бележи пад од 7,2% во однос на јануари 2025 година.

Во јануари 2026 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,5 п.п. споредено со јануари 2025 година и изнесува 57,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2026 година изнесува 21,2% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на јануари 2025 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2026 година изнесува 530,7 милиони евра и бележи пад од 8,3% (48,2 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 21,8% споредено со јануари 2025 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2026 година извозот бележи пад од 13,4% (81,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 5,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,1 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во јануари 2026 година е намалена за 6,3 милиони евра, што претставува пад од 19,3% во однос на јануари 2025 година, а и количината на извезената храна е намалена за 19,3%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во јануари 2026 година изнесува 5,0% и е намалено за 0,7 п.п. во однос на јануари 2025 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (35,6%), жита и преработки од жита (29,8%), млечни производи и јајца (10,3%) и кафе, чај, какао и зачини (7,1%).

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2026 година изнесува 794,9 милиони евра и бележи пад од 6,4% (54,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2025 година, а увезените количини стоки се намалени за 29,3% споредено со јануари 2025 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2026 година увозот бележи пад од 21,2% (214,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

увозот, тој регистрира месечен пад од 6,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (14,5 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во јануари 2026 година е намалена за 8,1 милион евра, што претставува пад од 8,9% во однос на јануари 2025 година, а количината на увезената храна е намалена за 14,1%. Во јануари 2026 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 10,4% и е намалено за 0,3 п.п. во однос на јануари 2025 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (22,8%), овошје и зеленчук (15,7%), млечни производи и јајца (13,8%), кафе, чај, какао и зачини (13,8%) и жита и преработки од жита (11,9%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,9 | 6,4 | -0,5 | -7,8 |
| Мил. ЕУР | 5,2 | 4,1 | -1,2 | -22,3 |
| Мил.$ | 5,4 | 4,8 | -0,6 | -11,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 83,4 | 79,7 | -3,7 | -4,5 |
| Мил. ЕУР | 61,1 | 45,9 | -15,2 | -24,8 |
| Мил.$ | 63,1 | 53,8 | -9,4 | -14,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,9 | 2,7 | -0,2 | -8,4 |
| Мил. ЕУР | 119,5 | 121,4 | 1,9 | 1,6 |
| Мил.$ | 123,9 | 142,4 | 18,5 | 14,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,1 | 1,5 | -0,5 | -26,3 |
| Мил. ЕУР | 11,0 | 8,3 | -2,7 | -24,6 |
| Мил.$ | 11,3 | 9,7 | -1,7 | -14,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 63,9 | 46,2 | -17,7 | -27,7 |
| Мил. ЕУР | 45,4 | 31,7 | -13,7 | -30,1 |
| Мил.$ | 47,0 | 37,2 | -9,9 | -21,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2025 | I-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 64,8 | 40,0 | -24,8 | -38,2 |
| Мил. ЕУР | 39,2 | 22,9 | -16,3 | -41,6 |
| Мил.$ | 40,6 | 26,8 | -13,8 | -34,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2026 година, трговскиот дефицит се намали за 2,3% односно 6,3 милиони евра споредено со јануари 2025 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2026 година, 91,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија,

Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија, Бугарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,8% од трговската размена во јануари 2026 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2025 година претставува зголемување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,7% и 89,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,2 п.п, додека кај увозот е намалена за 0,1 п.п. во однос на јануари 2025 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2025 | | | | | I - 2026 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 516,6 | 763.307.684 | 61,5437 | 46.976.779.084 | 89,9 | 353,4 | 713.901.359 | 61,5761 | 43.959.261.496 | 89,8 | -49.406.324 | -6,47 |
| УСД | 44,0 | 82.263.756 | 59,4947 | 4.894.257.509 | 9,4 | 42,4 | 83.798.780 | 52,5356 | 4.402.419.172 | 9,0 | 1.535.023 | 1,9 |
| ГБП | 0,1 | 1.164.129 | 73,4025 | 85.449.946 | 0,2 | 0,1 | 1.073.206 | 70,8804 | 76.069.248 | 0,2 | -90.923 | -7,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 560,7 | | | 51.956.486.539 | 99,2 | 395,9 | | | 48.437.749.917 | 98,9 | | |
| вк извоз: | 562,2 | | | 52.283.263.393 | 100,0 | 397,4 | | | 48.954.018.923 | 100,0 | | -6,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во јануари 2026 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 22.433 милиони денари, што претставува 6,0% од планираниот износ за 2026 година, односно намалување за 2,4% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со месец јануари од 2025 година. Во рамки на вкупните приходи, 20.005 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 6,0% од планираниот износ за 2026 година, односно се забележува пад од 5,5% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 11.903 милиони денари (реализација од 5,6% од планираниот износ за 2026 година и пад од 9,3%), додека придонесите се реализирани во износ од 8.017 милиони денари (годишен раст од 0,8% и реализација од 6,6% од планираниот износ за 2026 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 6,5%, данокот на добивка за 31,2%, увозни давачки за 1,6% и другите даночни приходи за 2,9%, додека намалување бележат приходите по основ на данок на додадена вредност за 26,8% и акцизите за 1,7%, Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување од 34,6%, капиталните приходи се зголемени за 32,3% и приходите по основ на странски донации за 26,1%.

Реализацијата на вкупните расходи во јануари 2026 година изнесува 32.263 милиони денари, што претставува 7,8% од годишниот план, и бележи зголемување за 17,0% во однос на јануари 2025 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 27.421 милион денари или 7,3% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 1,1% во однос на истиот период од 2025 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 11,2%, кај расходите за стоки и услуги за 21,1%, додека каматните расходи се намалени за 29,2%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 1,4%. Раст се забележува кај социјалните трансфери за 12,7%, додека расходите за здравствена заштита се намалени за 6,7%. Блок и наменските дотации се зголемени за 6,2%, а расходите за субвенции и трансфери се зголемени за 2,3%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 4.842 милиона денари (12,1% во однос на планираниот износ) и се зголемени за 983,2% во однос на јануари 2025 година.

**Табела 3.1.** Извршување на Буџетот на РСМ за јануари 2026 година

| | Буџет 2026 | јануари 2026 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација (во %) |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **374.935** | **22.433** | **-2,4%** | **6,0%** |
| **Даноци и придонеси** | **335.971** | **20.005** | **-5,5%** | **6,0%** |
| Даноци | 211.329 | 11.903 | **-9,3%** | **5,6%** |
| Данок на личен доход | 38.797 | 2.454 | **6,5%** | **6,3%** |
| Данок на добивка | 26.572 | 1.406 | **31,2%** | **5,3%** |
| ДДВ | 92.506 | 4.595 | **-26,8%** | **5,0%** |
| Акцизи | 35.838 | 2.323 | **-1,7%** | **6,5%** |
| Увозни давачки | 16.597 | 1.055 | **1,6%** | **6,4%** |
| Други даночни приходи | 1.019 | 70 | **2,9%** | **6,9%** |
| Придонеси | 121.822 | 8.017 | **0,8%** | **6,6%** |
| **Неданочни приходи** | **29.060** | **1.982** | **34,6%** | **6,8%** |
| **Капитални приходи** | **2.510** | **127** | **32,3%** | **5,1%** |
| **Странски донации** | **7.394** | **319** | **26,1%** | **4,3%** |
| | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **414.174** | **32.263** | **17,0%** | **7,8%** |
| **Тековни расходи** | **374.052** | **27.421** | **1,1%** | **7,3%** |
| Плати и надоместоци | 52.628 | 4.079 | **11,2%** | **7,8%** |
| Стоки и услуги | 28.177 | 1.465 | **21,1%** | **5,2%** |
| Трансфери | 271.970 | 20.314 | **1,4%** | **7,5%** |
| Социјални трансфери | 206.268 | 16.107 | **12,7%** | **7,8%** |
| ПИОСМ | 136.420 | 11.082 | **20,5%** | **8,1%** |
| Агенција за вработување | 3.576 | 248 | **92,2%** | **6,9%** |
| Социјална помош | 12.459 | 1.280 | **5,6%** | **10,3%** |
| Здравствена заштита | 53.813 | 3.497 | **-6,7%** | **6,5%** |
| Други трансфери | 62.871 | 3.986 | **-29,5%** | **6,3%** |
| Каматни плаќања | 21.277 | 1.563 | **-29,2%** | **7,3%** |
| **Капитални расходи** | **40.122** | **4.842** | **983,2%** | **12,1%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-39.239** | **-9.830** | **114,8%** | **25,1%** |

Извор: Министерство за финансии



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0




**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари 2026 година

Извор: Министерство за финансии




**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари 2026 година

Извор: Министерство за финансии

Во јануари 2026 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 9.830 милиони денари, што претставува 0,9% од проектираниот БДП за 2026 година, односно 25,1% од годишниот план.




**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во јануари 2026 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 10.731 милион денари или 13,2% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (79,6%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 8.541 милион денари или 13,7% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 11,7% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 10,4% (1.254 милиони денари) од планираните за 2026 година.




**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари 2026 година)*

Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 3.586 милиони денари, што е 7,8% од вкупниот буџет за 2026 година. Најголем дел од

расходите (55,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.989 милиони денари или 7,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,8%, за што се потрошени 855 милиони денари, односно 7,8% од вкупно предвидените.

Во јануари 2026 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 1.232 милиона денари, што претставува 7,4% од сопствениот буџет за 2026 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 75,6%, за што се потрошени 932 милиона денари или 8,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 11,7%. За таа намена беа реализирани 144 милиони денари или 4,8% од годишниот план.

Во јануари 2026 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 15,4 милиони денари што претставува 0,2% од планираните средства за тековната година. За плати и надоместоци, коишто во овој период учествуваат со 94,1% во вкупните расходи, реализирани се 7,4% од планираните средства за цела година, односно 14,5 милиони денари.

Во овој период, Министерството за одбрана реализира 1.446 милиони денари, што е 6,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 35,7%, па за таа намена реализацијата изнесува 516 милиони денари (7,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 23,8% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 345 милиони денари, односно 3,7% од вкупно предвидените.

Во јануари 2026 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 527 милиони денари, односно 12,0% од планираните средства за 2026 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со 77,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 409 милиони денари (38,1% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 47 милиони денари или 0,6% од вкупниот буџет за 2026 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 62,9%, за што се потрошени 29,7 милиони денари или 0,9% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна ставка е Плати и надоместоци со реализација од 17,2 милиони денари (7,8% од планираното за годината) и учество од 36,4% во вкупните расходи.

Во јануари 2026 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 3.612 милиона денари, што е 27,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 97,7% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (3.529 милиони денари или 28,8% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 105 милиони денари, што претставува 5,6% од предвидените за 2026 година. Плати и надоместоци (69,4 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 66,1%, а притоа се реализирани 7,3% од планираните. По основ на стоки и услуги отпаѓаат 18,6% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 19,5 милиони денари или 7,5% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2026 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 13.325 новозасновани работни односи[4]. Во однос на истиот период од 2025 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 12,1%.

Од вкупниот број нововработени, 39,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јануари 2026 година, 14,7% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во јануари 2026 година изнесува 133.131, од кои 90.214 лица се активни баратели на работа, а 42.917 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,5%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на декември 2025 година, бројот на невработени е намален за 239 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (58,9%) е градско население, а според половата структура 47,6% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,3% е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 14,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во декември 2025 година изнесувала 46.889 денари и остварила годишен раст од 7,6%, а во однос на ноември 2025 година таа е повисока за 2,0%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на декември 2024 година се забележува во

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

[4] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

следните сектори: Транспорт и складирање (13,4%), Земјоделство, шумарство и рибарство (10,9%) и Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли и Образование (9,7%). Во декември 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 3,3%. Највисока просечна нето-плата во декември 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (85.962 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (108.124 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 65.476 денари, секторот Рударство и вадење камен со 59.789 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.786 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, декември 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2025 година изнесувала 70.520 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 7,5%, а на месечна основа таа е повисока за 2,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во декември 2025 година во однос на декември 2024 година се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (13,6%), Земјоделство, шумарство и рибарство (10,9%) и Образование (9,7%).

## Пензии

Во јануари 2026 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 345.962 пензионера. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во наредните неколку месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за дополнителни 2.000 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,9% се корисници на старосна пензија или 248.705 пензионери, 21,2% на семејна пензија или 73.515 пензионери и 6,9% на инвалидска пензија, односно 23.742 пензионера.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јануари 2026 година изнесува 27.100 денари, што покажува дека таа е повисока за 14,3% во однос на истиот месец од 2025 година[5]. Просечната старосна пензија во јануари 2026 година изнесува 28.699 денари, просечната инвалидска пензија 24.650 денари, а просечната семејна пензија 22.482 денара. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 9.359 милиони денари, што претставува 58,1% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

Соодносот на просечната пензија во јануари 2026 година со просечната исплатена плата во декември 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,9%.

| **Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за јануари 2026 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| старосни | 248.705 | 71,9% | 28.699,00 |
| инвалидски | 23.742 | 6,9% | 24.650,00 |
| семејни | 73.515 | 21,2% | 22.482,00 |
| Вкупно | 345.962 | 100,0% | 27.100,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 28 | | 16.973,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 664 | | 35.460,00 |
| **Вкупно** | 346.654 | | 27.116,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јануари 2026 година, Народната банка воведе нова оперативна монетарна рамка, при што основен инструмент станаа 7-дневните благајнички записи со каматна стапка од 4%, наместо претходниот инструмент со рок на доспевање од 7 недели и каматна стапка од 5,35%.

Со новата рамка, банките добија можност да ги пласираат своите вишоци на ликвидност кај Народната банка на седум дена по утврдена каматна стапка, во рамки на јасно дефиниран каматен коридор за краткорочните операции. Ова овозможува појасна насока за движењето на каматните стапки, подобра монетарна трансмисија и придонесува кон одржување на стабилноста на финансискиот систем

### Примарни пари

Во јануари 2026 година, примарните пари[6] се намалија за 2,5% на месечно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 3,4% и 1,6%, соодветно.

Во јануари 2026 година, примарните пари се зголемија за 15,3% на годишно ниво, што се должи на растот на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 20,2% и 10,8%, соодветно.




[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

## Депозитен потенцијал[7]

Во јануари 2026 година, вкупните депозити на банките се намалија за 1,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалија за 2,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,4%.

Од аспект на валутата, во јануари 2026 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се намалија за 0,9% и 1,1%, соодветно.




Во јануари 2026 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 10,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 14,7%, а депозитите во странска валута за 4,3%.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 9,8%, а депозитите на домаќинствата раст од 11,3%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2026 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***654.827*** | ***-1,0%*** | ***10,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *403.018* | *-0,9%* | *14,7%* |
| *Странска валута* | *251.809* | *-1,1%* | *4,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *236.706* | *-2,0%* | *6,8%* |
| *Долгорочни* | *159.009* | *0,8%* | *6,7%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***561.166*** | ***0,5%*** | ***13,6%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *365.988* | *0,5%* | *20,7%* |
| *Странска валута* | *195.178* | *0,4%* | *2,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *87.811* | *2,4%* | *14,8%* |
| *Долгорочни* | *459.154* | *0,1%* | *14,4%* |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 6,8%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 6,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 61,5%.

## Кредити на банките

Во јануари 2026 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,4% и на кредитирањето на домаќинствата за 0,5%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,5% и 0,4%, соодветно.

На годишна основа, во јануари 2026 година вкупните кредити се зголемија за 13,6%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 16,2% и 11,2%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 20,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,4%, а краткорочните кредити од 14,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2026 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,73%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,07%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,01 п.п. и изнесува 4,14%.

Во јануари 2026 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,20%. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалија за по 0,01 п.п. и изнесуваат 2,71% и 1,65%, соодветно.



Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,63%, а на новоодобрените девизни кредити 3,62%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,64% и 1,86%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јануари 2026 година се намали за 1,86% на месечно ниво, како резултат на падот од прометот од блок трансакциите за 20,9% додека прометот од класичното тргување се зголеми за 32,9%.



Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10

Вкупниот промет на берзата во јануари 2026 година изнесува 997,9 милиони денари, што претставува раст од 5,1% на годишно ниво.

На крајот на јануари 2026 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 9.971,74 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 0,8%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 81,9%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јануари 2026 година е 5.600,45 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 13,7%, а во однос на јануари 2025 година девизните резерви се зголемени за 11,1%.